# УВОДНИ СТИХОВИ

## ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА

Јануари, февруари, март 2020 година



*Сабота, 4 јануари 2019*

## 1. НОВА КАЛЕНДАРСКА ГОДИНА

**„Господ им рече на Мојсеја и Арона во Египетската Земја: 'Овој месец нека ви биде почеток на месеците; нека ви биде прв месец во годината'".**

Почнува уште една нова календарска година. И овој стих што го прочитавме зборува за тоа: за броењето на новото, од Бога дадено време. Зошто токму во овој момент од историјата на еврејскиот народ требало да се обележува новото доба? Бог со Израелците почнал одново, и тоа по четири векови ропство кое потомците на Аврам го поминале во Египет. Бог ги ослободил и ги повел кон Ханан, земјата што им ја ветил. До вчера тие биле робови, а сега се слободни; до скоро исполнети со страв и несигурност, а сега повеќе не се плашат и се сигурни. Новиот почеток со Бога навистина заслужува и ново сметање на времето, иако овоземниот нов почеток не значи и крај на неволјите и проблемите. Во третиот стих од истата глава, 2. Мојсеева 12,3, читаме за потребата да се даде јагне за жртва. Ова јагне ќе стане знак за она најважното, патоказ кон Исуса Христа чијашто смрт на крстот ќе биде основа за најголемиот и конечно новиот почеток – вечноста. Тој почеток не се однесува само на еден народ, туку на секој човек кој ќе одговори на овој повик.

Оваа нова календарска година на секој од нас може да му донесе нов поттик во нашето одење со Господа. Треба одново да ја доживееме таа внатрешна слобода и искуство на длабока сигурност под водство на Божјата рака. Знаеме дека Бог сè уште не ги отстранил сите пречки, дека гревот сè уште постои на оваа земја. Но, исто така знаеме и дека Божјото царство започнало и дека Бог сака тоа се излее во нашиот живот и во нашата средина. Тој го ветил своето присуство и сила. Поради Него сме вистински сигурни секогаш и во сè.

Секој оној што ќе го прифати Божјиот повик и понуда, може со сигурност да тргне во животот со Него одново освежен и да биде,

ново создание во Христа. „И така, ако е некој во Христа, тој е ново создание; старото помина, ете: сè стана ново“ (2. Коринќаните 5,17).

*Сабота, 11 јануари 2020*

## 2. ЈАСЛИТЕ И КРСТОТ – НЕРАЗДВОЈНИ

**„А кога се исполни времето, Бог Го испрати Својот Син, роден од жена, роден под Законот“ (Галатјаните 4,4).**

Фламанскиот сликар Рохир ван дер Вејден (1044 – 1464) насликал еден олтар со позната евангелска сцена. Тоа било моментот кога мудреците од исток клечеле пред Исус прославувајќи го новородениот цар. Тој приказ е интересен поради еден свој детаљ. Покрај вообичаената сценографија на Христовото раѓање, внимателните набљудувачи на еден столб од шталата забележале распетие. Се чини дека уметникот добро ја разбрал суштината на евангелието. Сакал да порача дека јаслите и крстот – во Христовото искуство – се неразделни. Сакал да нагласи дека Бог го испратил својот Син на Земјата да умре за изгубениот човечки род. Божјата благодат носела спасение за сите оние кои ќе го прифатат. Тоа е вистината која е објавена со раѓањето на ова посебно дете, богочовек.

Што значи за мене и за тебе денес овој историски факт, верско учење, евангелски запис? Многумина се радуваат на божиќните денови бидејќи се „празнува“ и не се работи; други очекуваат подароци, трети очекуваат пријатни моменти во кругот на своето семејство. Тука се и оние кои на посебни служби во текот на овие денови во црквата доживуваат многу возвишени чувства преку Божјата реч и музика. Сè ова заедно и засебно го прави овој празник толку пријатен. Но, не треба да се застане само на тоа.

Пораката на јаслите и крстот ни донесува сосема поинаква радост од оваа минлива и празнична атмосфера, која се појавува за кратко време и исчезнува. Јаслите нè потсетуваат колку Бог во

Христос се приближил до човекот, колку нè сака и нè љуби. Крстот ни покажува колку бил подготвен да ни помогне и дека умрел на нашите, моите и твоите гревови. Со верата во распнатиот Богочовек, Исус Христос, влегуваме во длабоко и лично заедништво со Него. Тој сака секојдневно да ја доживуваме Неговата близина. Затоа, дури и тогаш кога се чувствуваме осамени, можеме да ја споделиме големата радост што ја најавиле витлеемските пастири. Да му дозволиме на Христа секојдневно, преку целата година, да се раѓа во нашето срце и да го менува нашиот карактер.

*Сабота 18 јануари 2020*

## 3. ГОСПОД Е БЛИЗУ ДО ОНИЕ КОИ ГО ПОВИКУВААТ

**„Господ е близу до сите кои Го повикуваат, до сите што Го призиваат искрено“ (Псалм 145,18).**

Телефонот веќе долга низа децении е дел од нашето секојдневие. Можеби ќе се сетите на моментите кога прв пат сте го употребиле. Денес ние повеќе и не размислуваме за тоа, бидејќи со неколку движења на рацете бираме броеви и веќе разговараме со некој на другиот крај на светот. Толку сме се навикнале на него што забораваме колку моќен апарат е тоа. Поради него и другите изуми, разговорите меѓу луѓето се одвиваат многу полесно, но... се чини како никогаш до сега да не сме биле толку далечни и толку туѓи едни со други. Се чини како да расте јазот меѓу луѓето и дека бездната меѓу Творецот и Неговите созданија станува сè поголема и поголема. Многумина се сомневаат дека Тој и воопшто постои. А оние кои веруваат во тоа се прашуваат, „Слуша ли воопшто Бог кога му се молиме? Дали Тој е близу и дали се грижи за мене?“ Ова е посебно актуелно во деновите на лични кризи, неволји, болести и смрт.

Сакам да ве уверам дека ова е сериозна заблуда! Бог никогаш не е далеку од нас! Секогаш е тука, и нè слуша. Неговата Реч нè

уверува во тоа. Всушност, Тој едвај го чека да го повикаме и да го излееме своето срце пред него. Тој длабоко се грижи и е заинтересиран за сечиј проблем и сака да ни пружи решение. Тоа е она што неговите следбеници постојано го доживуваат со Него.

А кои се тие? Денес сè поголем е бројот на луѓето кои се изјаснуваат како верници во однос на некое поранешно време. Стихот што го читавме тврди дека Бог е близу до оние кои го повикуваат во вистината. За која вистина станува збор? Пред се, Божјите следбеници знаат и веруваат дека постои жив Бог, кој се грижи за секој човек. Гревот и сите оние лоши последици не можат да опстанат во Негово присуство. Кога тие појави се дел од нашиот карактер, тие нè спречуваат да му се приближиме на Бога. Но Бог се погрижил и ја премостил таа провалија. „Гледајте колку голема љубов ни дал Отецот - да бидеме наречени чеда Божји, а тоа и сме! Затоа светот не нè знае, зашто не Го спозна Него. Возљубени, сега сме чеда Божји! Но уште не се покажа што ќе бидеме. Знаеме само дека, кога ќе се покаже, ќе бидеме слични на Него, зашто ќе Го видиме каков што е“ (1. Јованово 3,1-2). Поради сето тоа, можеме да разговараме со Бога како дете со својот татко. И при тоа, секогаш знаеме дека Бог ни е толку близу.

*Сабота 25 јануари 2020*

## 4. КАКО ДА СЕ БИДЕ СПАСЕН?

**„А цариникот стоеше далеку и не сакаше ни очите да ги подигне кон небото, туку се удираше по градите и велеше: ‘Боже, биди милостив спрема мене грешникот!’“ (Лука 18,13)**

Брановите на разбрануваното Ирско море со денови удирале на брегот на пристаништето. Во еден момент, низ ветрот се слушнал повик за помош. Еден невнимателен шетач паднал во морето. Некои автомобили застанале, но возачите или не знаеле како да помогнат или не сакале. Така тие нерешително погледнале кон

младиот рибар, кој исто така се нашол тука. Некои меѓу возачите знаеле дека најверојатно тој е најдобриот пливач во тој крај. „Џон!“ – му викале – „спаси го!“ Но момчето стоело мирно и гледало во морето.

За сето тоа време давеникот се борел со сета своја сила против брановите. „Џон, спаси го!“ – сè уште се слушало. Но, рибарот и понатаму неподвижно гледал во несреќниот човек и кон морските бранови во нивната меѓусебна борба. Одеднаш човекот исчезнал под брановите, а потоа повторно се вратил. Луѓето со чудење го гледале рибарот кој тогаш се потпрел на ѕидот. Давеникот со мака ги дигал рацете исчезнувајќи под брановите и враќајќи се, додека очајно се борел за секој здив. Луѓето и понатаму викале, и изгледало дека сите овие повици повеќе не биле без ефект. Рибарот полека се движел и како да правел подготовки. Ги собул своите тешки рибарски чизми. Сето време го следеле лутите погледи на насобраните луѓе, кои биле збунети од неговата лежерност. И кога несреќниот човек повторно исчезнал под брановите, Џон веднаш скокнал во морето под брановите, го грабнал давеникот и речиси веќе онесвестен го извлекол на брегот. Тука го дочекале многу подготвени раце, а некои веднаш почнале со вештачко дишење.

„Зошто чекаше толку долго?“ – прашал некој. Рибарот одговорил: „Тој мораше сосема да се откаже од борбата, бидејќи и мене ќе ме повлечеше со себе“.

Никому му нема спасение од гревот со сопствената сила. Мораме безрезервно да се препуштиме во рацете на нашиот Спасител Исус Христос.

*Сабота, 1 февруари 2020*

## 5. ВЛИЈАНИЕТО НА БОЖЈАТА РЕЧ

**„Па Мојата рака го направи сето тоа, и така сето тоа и настана - објавува Господ. Но кон овој Јас ќе погледнам: кон бедниот и кон човек со поразен дух, кој трепери пред Моето Слово“ (Исаија 66,2).**

Дали трепериte кога Бог зборува? Кога последен пат бевте физички допрени од стварноста дека Семоќниот Бог ви се обраќа и ви зборува лично вам? Јован ја изгубил сета своја физичка сила кога Бог му проговорил (Откровение 1,17); Павле паднал на земјата кога Христос го сретнал на патот за Дамаск (Дела 9,4). Мојсеј се исплашил кога Бог му се обратил (Дела 7,32) а Петар, кога сфатил кој бил Исус, паднал на колена велејќи: „Кога Симон Петар го виде тоа, падна пред Исусовите колена и рече: ’Оди си од мене, Господи, зашто сум грешен човек’“ (Лука 5,8).

Кога зборуваме за треперењето, не мислиме толку на обичниот страв колку на стравопочитта и доживувањето на почит и понизност пред Божјото величество. Дали подлабоко сте размислувале за тоа колку голема работа е што Творецот и понатаму сака да комуницира со тебе, со мене, со сите свои созданија. Дали пристапуваш кон читањето на Библијата со свето очекување, слушајќи ги зборовите кои го менуваат животот, а доаѓаат од Бога за тебе тој ден? Библијата вели дека „Стравот од Господа е почеток на мудроста и познавањето на Светиот е разум” (Мудри изреки 9,10). Постојат работи кои ќе ги слушнете доколку на овој начин му пристапите на Бога.

Додека ја проучуваш Библијата, можеш да почувствуваш дека Бог има нешто да ти каже директно на тебе преку стиховите кои ги читаш. Одвој време да размислуваш за чудесната стварност дека Бог, кој проговорил и ја отворил вселената, сега ти зборува и ти се обраќа лично на тебе. Премногу често и многу лесно пристапуваме кон читањето на Библијата. Ако Исус можел со збо-

рови да ги подигне мртвите, да ја смири бурата, да ги истера демоните и излечи болестите, тогаш каков ефект и влијание може да има Неговата реч на твојот живот? Сево ова треба да направи да затрепериме, вистински и буквално, за да може Неговата реч и физички да нè допре. Можеби познавате луѓе кои мошне внимателно ја третираат Библијата како книга. Сметаат дека ниедна друга книга не треба да се стави над Библијата. Но, што е со зборовите и пораката што ја пренесува Библијата; како да се однесуваме кон нив. Следниот пат кога ќе ја отвориш Божјата реч, направи го тоа со чувство на свето исчекување.

*Сабота, 8 февруари 2020*

## 6. НОВОГОДИШНИ ОДЛУКИ

**„Откако завршија со појадокот, Исус му рече на Симона Петра: ’Симоне Јонин, љубиш ли Ме повеќе отколку овие?’ тој Му рече: ’Да, Господи, Ти знаеш дека Те сакам.’ Му рече: ’Паси ги Моите јагниња!?’“ (Јован 21,15)**

Не, не го слушнавте погрешно насловот што го најавив. Денес, на почетокот на месец февруари, зборуваме за новогодишните одлуки. Но, почнуваме со неколку мисли за стихот што го прочитавме во последната глава од евангелието според Јован. Исус имал прекрасен начин на обновување на нашата волја и духовна сила кога ќе Го изневериме. Тој не нè понижува ниту ни упатува критика. Тој не нè повикува да донесеме подобра одлука и да се трудиме сè повеќе и повеќе. Наместо тоа, тој нè повикува на страна и бара од нас да ја потврдиме својата љубов кон Него. Го прави тоа со прашањето „Дали ме сакаш?“ Петар, во својата слабост, токму како и ние, го изневерил својот Господ кога побегнал со другите ученици од Гетсиманската градина. Подоцна, тој јавно се откажал од Исуса. Сигурно се прашувал дали воопшто е достоен да биде Христов ученик, со оглед на тоа дека бил неверен во клучниот момент.

Еден месец откако себеси и на другите им изјавивме некои новогодишни одлуки, можеме да ги забележиме нашите слабости. Можно е да доцниме со читањето на Библијата, а сме одлучиле дека оваа година ќе ја прочитаме од почеток до крај. Можеби сте му биле неверни на Бога во даровите; можеби во службата. Можеби сте биле непослушни на Неговата реч. Можеби сте се откажале од начинот на своето живеење. Тоа се некои аспекти за кои можеме со болка да забележиме дека сме го изневериле Господа во овој краток временски период. Исус тогаш нè повикува на страна, како и Петар. Тој нема да се расправа и да ве понижува. Тој сака повторно да ја преиспитате својата љубов кон Него и затоа ве прашува: „Дали ме сакаш?" Ако вашиот одговор е ист како и оној на Петар, Тој ќе ја повтори својата волја која ја има за вашиот живот. Ако вистински Ме сакате, рекол Исус, ќе Ми бидете послушни. На Исуса не му се потребни нашите новогодишни одлуки или ветувања дека ќе се трудиме подобро, посилно и повеќе. Ако таквата одлука од изминатата година не фукционирала, тешко дека ќе биде успешна и оваа. Она што Исус го бара е да бидеме свесни за неговото присуство, за неговата љубов кон нас. Доколку навистина го сакате, вашата служба кон Него во оваа година ќе биде она што Тој ја очекува и ја бара. Сами себеси преиспитајте се (2. Коринќаните 13,5), но дозволете им на оние кои ви се блиски да ви помогнат во тоа. „Лукаво е човечкото срце повеќе од сè и е наполно расипано; кој ќе го разбере?" (Еремија 17,9)

*Сабота, 15 февруари 2020*

## 7. БЕЗУСЛОВНА ЉУБОВ

**„Потоа Господ ми рече: 'Оди пак, љуби ја жената која љуби друг и прави прељуба, како што Господ ги љуби Израелевите деца, додека тие се свртуваат кон други богови и копнеат по колачиња од грозје'" (Осија 3,1).**

Ниеден човек не може да ја разбере Божјата љубов кон Своите деца. Нашето ограничено искуство на човечка љубов ни ја скратува можноста да ја разбереме Божјата безусловна љубов кон нас. Дел од таа љубов можеме да видиме во посебното искуство на пророкот Осија.

Осија бил праведен човек, но Бог му рекол да се ожени до погрешна жена. Осија послушал и ја зел Гомера како своја жена. Тој како маж се грижел за неа и се однесувал со достоинство и почит. Никогаш порано Гомера не доживеала таква љубов, но набргу станала незадоволна. Своето внимание и љубов почнала да им ја подарува на други мажи. Се вплеткала во разни афери за на крајот да го напушти Осија. Другите ја искористувале и така таа изгубила сè. И потоа ја продале во ропство. По сето тоа, Бог му дал на Осија неверојатна наредба: „Оди и откупи ја повторно“. И покрај големиот срам и болка која Гомера му ја предизвикала на Осија, Бог му рекол да ѝ прости и да ја плати цената за да ја доведе назад во својот дом.

Божјата порака е јасна: Кога ние ќе Го отфрлиме и својата доверба и преданост ќе ги подариме на нешто друго, тоа наше отфрлање ја нанесува истата болка како и прељубничкото однесување во бракот. По сè што Бог направил и прави за нас, незамисливо е да го отфрлиме и Него. Дури и многу тешко можеме да разбереме дека Бог и понатаму нè сака, без оглед на тоа што сме Го отфрлиле, игнорирале или сме му биле непослушни. Сепак, Божјата љубов е толку поинаква од нашата. Неговата љубов нè следи до длабочината на нашата грешност, сè додека Тој повторно не нè придобие. Неговата љубов кон нас не може да се потроши ниту да исчезне; колку и да бегаме од Него Тој продолжува да нè следи. Колку неверојатна љубов ни покажал и ни понудил Бог. Дали ќе ја одбиеме или ќе ја прифатиме?

*Сабота, 22 февруари 2020*

## 8. ОБРЕД ИЛИ ОДНОС?

**„Не прашуваа: 'Каде е Господ, Кој нè изведе од Египетската Земја та нè водеше низ пустината, по пуста земја, едвај проодна, по сува и мрачна земја, по земја низ која никој не поминува, ниту пак некој се населува“** (Еремија 2,6).

Христијанството е блиска заедница со Исуса Христа, однос кој расте и во кој ние се развиваме. Тоа не е само збир на учења во кои треба да веруваме, кои се практикуваат и гревови кои треба да се избегнуваат. Секоја активност на која Бог нè повикува има за цел да развие правилен меѓусебен однос полн со љубов меѓу Бога и неговиот народ.

Бог сака богослужението да Го доживееме во неговата слава. За многумина тоа се претворило во форма, обред или обичај; уште еден состанок повеќе на кој одиме од навика. Бог го воспоставил жртвениот систем за да може Неговиот народ да ја изрази својата љубов кон Него. Но, ние често ги снижуваме нашите дарови од Господа и бесплодните обиди да го одоброволиме и да ја смириме нашата грешна совест. Бог ни ја дал молитвата за да разговараме со Него, но тоа често се претвора во изговарање на молитва без слушање на она што Бог сака да ни го каже. Ни ја објавил заповедта како израз на Својот карактер и заштита на оние кои ги сака, но заповедите можат да станат пат кон легализам наместо средство за воспоставување на заедништво со нашиот Татко кој сака да нè сочува од пропаста.

Луѓето во времето на Еремија биле задоволни од обредите во кои не се откривало Божјето присуство. Толку станале задоволни од својата „религија“ што не го забележале Божјето отсуство. Дали е можно да се молат, да присуствуваат на богослужение или да даваат дар, а во исто време да не го доживеат Божјето присуство? Навистина е можно! Ова било тажен заклучок и искуство на многу христијани. Не прифаќајте верски живот на кој му недостасу-

ва живо заедништво со Исуса Христа. Барајте од Господа да ве благослови со своето присуство во сите ваши активности. Кога Тој е тука, разликата ќе биде огромна и забележителна.

*Сабота, 29 февруари 2020*

## 9. БОГ БАРА ГЛИНА

**„Не можам ли и Јас да правам со вас како овој грнчар, Израелев дому? - зборува Господ. Еве како глината во грнчаровата рака, и вие сте во Мојата рака, Израелев дому“ (Еремија 18,6).**

Бог знае како да му донесе спасение на твоето семејство, на твоите пријатели, на твојата заедница и твојата црква. Секако, неопходна е соработка и правилна употреба на слободната волја. Според тоа, Тој трага по оние кои ќе Му дозволат да ги обликува и по орудија кои му се потребни за Неговата божествена работа. Глината нема свои планови, желба за служење, ниту пак двоумење при извршување на дадената задача. Таа е само глина. Прилагодлива, употреблива, потполно покорна на својот господар.

Понекогаш ние возбудено му соопштуваме на Бога: „Ги открив моите способности и дарови и сега знам како најдобро да ти служам!“ Во други моменти ние Го информираме: „Свесен сум за сите мои слабости, така што знам кои задачи не сум во можност ниту сум способен да ги извршам.“ Меѓутоа, ни ова оне е особина на глината. Бог не е ограничен само на тие способности. „Но Тој ми рече: 'Доста ти е Мојата благодат, бидејќи Мојата сила се покажува потполно во слабоста.' Затоа со многу поголема радост ќе се фалам со своите слабости за да се всели во мене силата Христова. Затоа уживам во слабости, во навредување, во маки, во прогонување, во тага за Христос, зашто кога сум слаб, тогаш сум силен“ (2. Коринќаните 12,9-10). Тој може да нè обликува во кое било орудие, кое му е потребно. Кога на Божјата задача ѝ треба понизност, Тој пронаоѓа слуга кој е подготвен да биде понизен.

Кога неговото дело бара ревност, Тој трага по некој кој може да го исполни со Својот Дух. Бог ги користи светите садови, затоа што ги бара оние кои ќе Му дозволат да ги отстрани сите нечистотии. Не е некоја благородна задача да се биде глина. Тука нема слава, нема ништо за фалење, освен дека тоа е токму она што Семоќниот Бог го бара. Глината, која може да се обликува, е покорна и подготвена да се препушти на вештите раце на грнчарот.

Ова може да звучи како тврда беседа. Но, оние кои го запознале Бога кој е полн со љубов и добрина, знаат дека Тој сето ова го прави во согласност на нашата слободна волја. „Но знаеме дека сите работи содејствуваат за добро на оние, кои Го љубат Бога, кои се повикани по Неговата намера“ (Римјаните 8,28). Но, ако имате склоност да му зборувате на небесниот Татко што можете а што не можете да направите за Него, обидете се да се согласите со Неговиот план и дозволете Му да ве обликува во личност каква што Тој сака да бидете - токму како глината.

*Сабота, 7 март 2020*

## 10. ЖИВЕЕМЕ ОД БОЖЈЕТО ОТКРОВЕНИЕ

**„Каде нема откровение пророчко народот се разуздува, а кој го пази Законот е блажен!“ (Мудри изреки 29,18).**

Овој свет функционира врз основа на човечките планови и идеи. Божјиот народ живее од Божјето откровение. Светот бара да оствари големи и благородни дела и цели. Луѓето сонуваат најголеми работи во кои пронаоѓаат задоволство и во нив го вложуваат својот живот. Институциите одредуваат цели и рокови, а потоа се организираат за да ги остварат. Божјиот народ функционира на сосема поинаков начин. Христијаните го уредуваат својот живот врз основа на Божјото откровение, иако тоа не им е секогаш најјасно. Бог не го бара нашето мислење за тоа што е најдобро за нашата иднина, за нашето семејство, црквата или земјата. Тој тоа веќе

го знае! Она што Тој сака е да го придобие нашето внимание и да ни открие нам што Му лежи на срцето и која е Неговата волја, бидејќи Неговите мисли не се наши мисли (Исаија 55,8).

Кога луѓето не го засновуваат својот живот на Божјето откровение, тие се расипуваат. Односно, тие го прават она што сметаат дека е правилно во нивните очи. Тие поставуваат цели, ги уредуваат своите планови и потоа се молат за Божји благослов. Некои христијани водат живот спротивен на Божјата волја, а сепак имаат храброст да се молат и да барат благослови за своите напори.

Единствен начин да ја запознаете Божјата волја е Тој да ви се открие. Тоа никогаш нема да го дознаете со сопствени сили. А кога ќе слушнете од небесниот Татко, вие веќе имате план за својот живот кој во почетокот се состои од еден елемент: послушност! И, како што забележува писателот на овој стих што го слушнавме, „кој го пази Законот е блажен!“

*Сабота, 14 март 2020*

## МНОГУ ПОСЕРИОЗНО

**„А на Оној, Кој со Својата сила, што дејствува во нас, може да направи прекумерно над сѐ што ние молиме или мислиме” (Ефешаните 3,20).**

Понекогаш чувствуваме како да сакаме да го импресионираме Бога со сѐ она што го правиме за Него и за Неговата црква. Но, ние никогаш не можеме да си поставиме толку голема цел или да се обидеме да ја оствариме задачата за Бог да не може да понуди нешто многу поголемо од она што го направил преку нашиот живот. Савле од Тарс работел понапорно од другите за да го импресионира Бог со своите напори, само за да открие како сите негови достигнувања биле ништо во споредба со Божјата волја за неговиот живот (Филипјаните 3,7-8).

Нашиот проблем е што многу лесно се одушевуваме од сопствените планови. Ако се обидуваме да направиме нешто благородно или нешто што е доста тешко, ние претпоставуваме дека веројатно го достигнуваме максималниот потенцијал за својот живот и поради тоа Бог мора да биде задоволен од нас. Тоа трае сè додека Бог не ни открие нешто поголемо. До тогаш ние не можеме да замислиме што сè Бог може да направи со нашиот живот и што сè може да оствари преку нас.

Треба да се потсетиме дека Бог ја гледа „поголемата слика“, дека неговата моќ далеку повеќе ги надминува нашите ограничени идеи. Мораме да ги оставиме на страна своите планови и агенди, без оглед на тоа колку се тие возвишени. Никогаш не треба да станеме задоволни од своите соништа, бидејќи и тие, дури и оние најдобрите, се ограничени. Ние треба да го следиме Божјиот правец, и тогаш можеме да сведочиме за работите кои ни се случуваат во нашиот живот, кои се всушност, само резултат на Неговото моќно присуство. Зар можеме да бидеме задоволни со нешто што е помалку од тоа?

*Сабота, 21 март 2020*

## МОЛИТВАТА НИ ГО ОТКРИВА БОЖЈИОТ ПЛАН

**„А наутро, додека уште беше темно, стана, излезе и отиде во пусто место, и таму се молеше“ (Марко 1,35).**

Било вообичаено за учениците да го наоѓаат Исуса како се моли во утринските часови. Кога им бил потребен, тие знаеле каде да Го пронајдат. Кога Јуда го предал, тој ги повел римските војници на Исусовото место на молитва.

Секој пат кога Исус се соочувал со важна одлука, Тој се молел. Кога бил искушуван да ги следи методите на овој свет наместо волјата на Отецот, Тој се молел (Матеј 4). Кога требало да ги избере своите ученици, Тој се молел цела ноќ (Лука 6,12). Ако Божји-

от Син имал потреба цела ноќ за да ја познае Божјата волја, колку повеќе ни треба нам да се молиме за да можеме јасно да препознаеме што сака Бог од нас?

Бидејќи Исус често бил опкружен со мноштво луѓе, Тој знаел дека мора да најде тивко место за да може јасно да го слуша гласот на својот Татко. Исус имал многу луѓе кои се обидувале да влијаат на насоката на Неговиот живот. Неговите ученици сакале Тој да биде таму каде што има круни (Марко 1,37). Мноштвото сакало да Го постави за цар (Јован 6,15). Сатаната го искушавал да направи компромис (Матеј 4,3). Исус знаел дека Неговата мисија не е да ги привлече луѓето на тој начин, туку да му остане послушен на својот Татко. Токму молитвата го одредила правецот на Христовата служба (Лука 6,12). Молитвата им претходела на чудата (Јован 11,42-43), молитвата донела охрабрување во критичните моменти (Лука 9,28-31); молитвата му овозможила да истрае на својот пат кон крстот (Лука 22,41-42) и молитвата го држела таму и покрај огромната болка (Лука 23,46).

*Сабота, 28 март 2020*

## КОГА БОГ ЗБОРУВА

**„Така Словото што излегува од Мојата уста не се враќа при Мене без плод, туку го прави она што го сакав и ќе го изврши она заради кое го испратив“ (Исаија 55,11).**

Кога Бог зборува, ништо не останува исто. Во почетокот на времето, Бог проговорил и вселената била создадена од ништо. Бог го следел истиот образец и кога ја создавал Земјата: „И Бог рече: ’Нека биде светлина!’ И бидна светлина. И Бог виде дека светлината е добра; и Бог ја оддели светлината од темнината“ (1. Мојсеева 1, 3-4). Овој образец продолжува и низ целата Библија. Кога Бог ги откривал своите планови, работите се одвивале онака како што рекол, и Бог заклучил дека резултатот е добар (Филипјаните 2,13). Тој збо-

рува со јасна решителност бидејќи сака она што го рекол да донесе вистински, соодветни резултати.

Кога Исус зборувал, она што го кажал се остварило. Лепрозните откриле дека Исусовиот збор значи исцелување (Лука 5,13). Слепиот открил дека тој збор значи вид (Лука 18,42). Од неплодната смоква учениците разбрале дека она што Христос го прогласил за лошо – тоа значи уништување (Марко 11,20). Грешниците доживувале проштавање преку Исусовата реч (Јован 8,11). Од колку обиди Исус го воскреснал Лазара од мртвите? Само од еден (Јован 11,43). Никогаш не се случило Исус да зборува, а она што го кажал да не се оствари.

Дали сте ги читале Христовите зборови во својата Библија, а да не сте ја доживеале Неговата реч како менува се околу вас? Исус ги искористил фарисеите бидејќи претпоставувале дека знаењето на светите списи може да им даде живот. „Ги истражувате Писмата, зашто вие мислите дека во нив имате живот вечен; а токму тие сведочат за Мене“ (Јован 5,39). Тие биле задоволни само со тоа што имале одредено знаење на Божјата реч, наместо да ја доживеат личноста која ја изрекла таа Реч.

Колку е силна Божјата реч во нашиот живот? Додека ја читаме Библијата и се молиме, треба да го отвориме нашето срце и со сите наши сили да слушаме што Бог има да ни каже во врска со Неговата волја за нашиот живот.

ГРАДИВО 1/2020
**Уводни стихови**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Превод и
техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Коригирал:**
Томе Трајков

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**